ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

CRISIS MANAGEMENT CENTER

**Почитувани министри,**
**Почитувани претставници на дипломатскиот кор во Република Македонија,**
**Почитувани учесници, дами и господа**

Ми претставува особена чест и задоволство, како директор на Центарот за управување со кризи, да се обратам на овој настан организиран во еден особено важен период за Република Македонија, која се соочува со големи предизвици од безбедносен и хуманитарен контекст. Воедно ова е година кога Центарот за управување со кризи го прославува својот 10-ти јубилеј од основањето како самостоен орган на државна управа. На формирањето на Центарот му претходеа низа активности во Владата на Република Македонија, кои помогнаа од административен и научно-стручен аспект и истите беа во насока на обединување на постојните одделни системи за управување со кризи (превенција, рано предупредување и справување со евентуални кризи) во единствен систем за управување со кризи, со кој ќе се постигне навремено, брзо и координирано дејствување при согледани ризици и опасности. Системот за управување со кризи се темели на принципи кои се во корелација со современите текови на општествено-политичкото живеење и глобалниот развој, како и со светските норми и стандарди.

Но, земајќи ја предвид флуктуацијата на современите закани и ризици, управувањето со кризи стана приоритетна тема на безбедносните агенди на меѓународните, владините и невладините организации, како и прилагодувањето на стратешките политики и одредници на Обединетите

нации, ЕУ и НАТО. Со оглед на горенаведеното, одржување на меѓународна конференција за предизвиците и перспективите на кризниот менаџмент претставува особено значаен настан и одлична можност за размена на мислења во рамки на различни групи на претставници од академските и владините институции, како и граѓанските организации. Уште еднаш се потврдува потребата од градење на корисни релации на сите видови власт што законот за управување со кризи го предвидува.

Центарот за управување со кризи немаше да биде она што е денес, доколку не наиде на позитивна и плодна соработка со другите институции кои го сочинуваат системот за управување со кризи, како и со странските дипломатски претставништва и меѓународни организации во Република Македонија.

Би сакала да ја искористам оваа прилика да информирам за активностите на Центарот за управување со кризи како надлежна институција во услови на прогласена кризна состојба, на состаноците на Главниот Штаб кои редовно се одржуваа во изминатиов период, ги превзема сите мерки за ефикасно разрешување на новонастанатата ситуација.

Донесувањето на Одлуката за прогласување на кризна состојба, на краткорочна основа ги постигна следните цели:

- Обезбедување на јавниот ред и мир, општата безбедност и заштита на месното население во подрачјата опфатени со кризната состојба;
- Обезбедување на формално правна основа за ангажирање на сили и капацитети на Армијата на Р. Македонија во поддршка на силите на МВР и цивилните капацитети на кризниот менаџмент;
- Обезбедување на активирање на механизмите на Системот за управување со кризи, активирање и заседавање на Главниот штаб и

употребата на ресурсите, согласно процедурите за функционирање во кризна состојба;

- Обезбедување на контролиран влез, преку формирање на прифатен центар каде се врши евиденција на бегалците и мигрантите, организирано укажување на хуманитарна, медицинска и друга потребна помош, како и организиран транзит преку територијата на Р. Македонија;

- Обезбедување на зголемено ниво на меѓуресорска координација и употреба на капацитети и ресурси на институциите од системот за управување со кризи.

Ви благодарам на вниманието, ви посакувам успешна работа. Ја прогласувам конференцијата за отворена.